Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26)

Советот на Општина Велес на 12-та седница одржана на ден__.06.2026 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Велес за 2026 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1.Со ова Решение се дава согласност на Ценовникот за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Велес за 2026 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, со бр.09-105/1 од 11.06.2026 година, донесен од страна на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 12.06.2026 година до Претседател на Совет на Општина Велес од страна на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес е доставено е Барање со бр.09-2739/1 за давање согласност на Ценовникот за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Велес за 2026 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, со бр.09-105/1 од 11.06.2026 година, донесен од страна на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

Согласно член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26): „Основачот на јавното претпријатие дава согласност на: Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

*Јавно претпријатие „ПАРК – СПОРТ И ПАРКИНЗИ "*
*Велес*

*ул. Алексо Демниевски бр.10, 1400 Велес*

ПАРК – СПОРТ ВЕЛЕС

Архивски знак: 0906
Рок на чување: трајно
20 год.
Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 12 -06- 2026

| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 - | 2739/1 | | |

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 08-1061/2
11.06 2026 год.
ВЕЛЕС

До **г-дин Даниел Јаневски**

Претседател на Совет на Општина Велес

**ПРЕДМЕТ:** *Барање,*

*Почитуван г-дин Јаневски,*

Согласно одредбите на Статутот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес, како и Законот за локална самоуправа и Законот за јавни претпријатија, во прилог Ви ги доставуваме на усвојување и давање согласност на:

1. Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација територијата на Општина Векес за 2026 година

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- Архива на ЈП

**ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес**
**ВД Директор,**
Златко Стојковски

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 39 од Статутот на Јавно Претпријатие „Парк-спорт и Паркинзи" Велес" бр.64/2025г.) Управниот Одбор на седница одржана на ден 11.06.2026 година, го донесе следниот :

**Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација територијата на Општина Велес за 2026 година**

**Член 1**

Јавно претпријатие „Парк-спорт и Паркинзи" Велес ја утврдува цената за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Велес.

**Член 2**

Цените за обележување на хоризонтална сигнализација по работни операции се:

| СЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ОБЛЕЖЕУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реден број | ВИД НА РАБОТА | ЕДИНЕЧНА МЕРА | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА СО ДДВ |
| **1** | **НАБАВКА НА БОЈА** | | | |
| 1.1 | Бела боја | кг | 200 | 236 |
| 1.2 | Жолта боја | кг | 230 | 271,4 |
| 1.3 | Црвена боја | кг | 220 | 259,6 |
| 1.4 | Зелена боја | кг | 220 | 259,6 |
| 1.5 | Сина боја | кг | 220 | 259,6 |
| 1.6 | Црна боја | кг | 200 | 236 |
| 1.7 | Разредувач | литар | 230 | 271,4 |
| 1.8 | Перлит | кг | 160 | 188,8 |
| **2** | **НАБАВКА НА ЛАДНА ПЛАСТИКА** | | | |
| 2.1 | Ладна бела двокомпонентна пластика-Пластификатор | кг | 280 | 330,4 |
| **3** | **РАБОТНА РАКА ЗА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | | |
| 3.1 | Полни и испрекинати линии | м | 14 | 16,5 |
| 3.2 | Маркирање на средна линија на улици | м | 14 | 16,5 |
| 3.3 | Шрафирани површини (со полна линија) | м | 14 | 16,5 |
| 3.4 | Обележување рабници | м | 30 | 35,4 |
| 3.5 | Разделни острови | м2 | 100 | 118 |
| 3.6 | Пешачки премини | м2 | 100 | 118 |
| 3.7 | СТОП Линија | м2 | 100 | 118 |
| 3.8 | Х-ЗНАЦИ за предупредување | бр. | 300 | 354 |
| 3.9 | Х-знаци за забрането паркирање | бр. | 300 | 354 |
| 3.10 | Паркинг места | бр. | 150 | 177 |
| 3.11 | Паркинг места за инвалиди | бр. | 200 | 236 |
| 3.12 | Паркинг места - Резервирано | бр. | 200 | 236 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.13 | Паркинг места за електрични возила | бр. | 500 | 590 |
| 3.14 | Паркинг места за хуманитарни и еколошки цели | бр. | 500 | 590 |
| 3.15 | Насочни стрелки еднострани | бр. | 100 | 118 |
| 3.16 | Насочни стрелки двострани | бр. | 150 | 177 |
| 3.17 | Триаголници за предупредување | бр. | 100 | 118 |
| 3.18 | ОЗНАКА BUS (автобуско стојалиште) | бр. | 1000 | 1118 |
| 3.19 | ОЗНАКА TAXI | бр. | 250 | 295 |
| 3.20 | ОЗНАКА ШКОЛО | бр. | 250 | 295 |
| 3.21 | Изработка на пластифициран пешачки премин со двокомпонентен пластификатор со слој 2-3мм | м2 | 360 | 424,8 |

**Член 3**

Ценовнито стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Велес.

**Управен Одбор**
**на ЈП „Парк Спорт и Паркинзи„**
**Велес**

**Претседател**
Мартин Ефремов

Јавно претпријатие ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ ВЕЛЕС